Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-352/1 од 22.01.2025 година со наводи за сомневања за незаконски запирања на постапки за вработување во Агенцијата -------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата со број 12-352/1 од 22.01.2025 година да се проследи на надлежно постапување до Јавно обвинителство на РСМ.

Предметот со број 12-352/1 од 22.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-352/1 од 22.01.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски поништување т.е запирање на постапката за вработување по јавен оглас број ---/2024-01 објавен на --.--.2024 година за вработување на „Виш соработник за истражување и развој во Дирекција за истражување и развој, Стручна служба за -------- на Агенција за ------------ на РСМ.

Како што посочува подносителот, во два наврати во 2024 година бил распишан истиот оглас, подносителот уредно се пријавил на двата огласи за истото работно место, бил прво рангиран во првата и втората фаза од административната селекција и потоа постапката била поништена од службено лице --------, претседател на Совет на експерти на -------- на РСМ. Наведува уште еден случај на ваква појава за работно место помлад соработник за --------, дирекција за ---------, стручна служба за супервизија во --------- на РСМ во 2023 и 2024 година, каде подносителот повторно се јавил на огласот и повторно при состојба на работите како прво рангиран кандидат во првата и втората фаза од административната фаза на селекција, претходно наведеното службено лице ги поништило постапките за вработување. Подносителот се сомнева дека горе посоченото службено лице ги поништува постапките за вработување поради кронизам и клиентелизам – вработување на познати или политички кадри.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државен управен инспекторат на РСМ, Агенцијата за администрација на РСМ и до Агенцијата за ---------- на РСМ.

Од страна на Агенцијата за -------- добиени се бараните информации со прилог документација, од каде е констатирано дека по Барање од наведената Агенција за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници бр/-----/1 од --.--.2024 година, доставено до Агенцијата за администрација истата објавила јавен оглас број ---/2024-01 објавен на --.--.2024 година за вработување на „Виш соработник за истражување и развој во --------, Стручна служба за ---------- на РСМ.
Подносителот уредно се пријавил на наведениот оглас и ги исполнил условите предвидени во истиот, по извршената проверка во првата фаза за административна селекција на административен службеник и втората фаза од спроведениот испит за административен службеник истиот бил прворангиран со најмногу освоени бодови.
По ова подносителот преминал во третата и последна фаза од постапката за вработување и добил известување за датум и час за одржување на интервју. Но, кратко потоа добил ново известување дека постапката по истоимениот оглас е запрена.

Агенцијата за администрација на РСМ известува дека Започнатите постапки за вработување на административни службеници ги запирале согласно член 54 од

Законот за општа управна постапка, а врз основа на поднесено барање за запирање на постапката од страна на институцијата по чије барање е објавен јавниот оглас. Исто така известуваат дека постапката по јавниот оглас број ---/2023 не била запрена, односно истата била завршена со Одлука за избор на кандидат за вработување по доставен Предлог на кандидат за вработување.

Државниот управен инспекторат достави известување дека согласно член 2 од Законот за управна инспекција нема надлежност да истражува и да утврдува одговорност и од тие причини предметот е доставен на натамошно постапување до Основното Јавно Обвинителство Скопје, за што известен бил и подносителот.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Јавно обвинителство на РСМ.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен:м-р И. П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut